

## Владимир Ивановски

Г-дин Владимир Ивановски (роден г.), дипломирал деловен менаџмент на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Македонија, по што се стекнал со диплома за Executive MBA за финансии на Универзитетот Шефилд од Обединетото Кралство.
Владимир ја започнал својата професионална кариера во областа на финансиите кај македонскиот застапник за Nike, Gillette и L'Oreal, по што следеле различни позиции и менаџерски функции во областа на сметководството и контролата во Скопска Пивара, Македонија (Heineken и Coca-Cola Group) во периодот од 1998 до 2006 година. Тој се придружил на Македонски Телеком во 2006 година и до 2008 година бил на неколку менаџерски позиции во рамките на областите за финансиски односи со корисници, финансии и контрола, пред да биде назначен за Директор на Областа за контрола.
Во 2008 година се преселил во Унгарија каде што презел менаџерски позиции во Дирекцијата за контрола и финансии на Маѓар Телеком, почнувајќи како Раководител на Секторот за деловно планирање на ниво на Групација, а потоа како Раководител на Центарот за контрола на продажба и маркетинг. Од 2013 година, како Директор за контрола и финансии во Маѓар Телеком во рамките на Службата за финансии, тој е одговорен за извршувањето на работата на групацијата, контролата, известувањето, формирањето цени, трошоците, финансиите, управувањето со обртниот капитал и инвестициите, како и управувањето со спојувањата и стекнувањата од страна на компаниите на Маѓар Телеком во Унгарија, Македонија и Црна Гора. Паралелно со тоа, во периодот 2016-2017 година тој бил Главен директор за финансии на Црногорски Телеком во Црна Гора. Од 2020 година, тој ја презема својата најнова позиција како лице одговорно за управување со извршувањето на работата на Групацијата Маѓар Телеком во рамките на Службата за финансии.
Тој е член на Одборот на директори на Македонски Телеком, Македонија од 2019 година, како и член на Одборот на директори на T-Systems, Унгарија од 2018 година.

Преведено од Лингва Експерт